РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4413/1
16.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Седумнаесетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Во рамки на спроведувањето на изборниот мониторинг и согласно член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот за соработка од 04.02.2016 година, Агенцијата го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 за активностите реализирани на 15 октомври 2025 година.

Во овој извештај ве информираме дека Уставниот суд едногласно ја одби Иницијативата на политичката партија Левица за оценување на уставноста на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година. Во образложението се наведува дека Агенцијата постапила целосно согласно законските овластувања и дека во Упатството само се операционализираат одредби од Изборниот законик, односно со донесената одлука се потврдува законитоста и исправноста на постапувањето на Агенцијата, а Упатството останува во сила.

Воедно информираме дека доставивме и одговор до Народниот правобранител кој се обрати до Агенцијата со барање за објаснување, информации и докази во врска со Претставката на политичката партија Левица за Нацрт-упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година. Народниот правобранител беше известен дека Агенцијата веднаш постапи по Претставката на Левица, дека уредно достави одговор до подносителот, и дека на 29 септември 2025 година, одговорот беше примен од претседателот на политичката партија.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**